**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДОЈРАН**
УП1Бр.12-499 од 13.01.2023год.

Градоначалникот на општина Дојран, решавајки по барањето на Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје, со УП1Бр.12-499 од 14.07.2022година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат, врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 32/20), го издава следното:

Р Ш Е Н И Е

Се одобрува Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со технички број со технички број 0801-738/21 од Септември 2022година, изработен од ДТУ „ БИЛД УРБАН„ Дооел од Скопје со намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични електрани за проектен опфат на КП.бр.127 и КП.бр.128 во КО.Нов Дојран вон.гр., општина Дојран.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот ДТУ „ БИЛД УРБАН„ Дооел од Скопје, поднесе барање за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични електрани за проектен опфат на КП.бр.127 и КП.бр.128 во КО.Нов Дојран вон.гр., Општина Дојран, изработен согласно член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање, од страна на ДТУ „ БИЛД УРБАН„ Дооел од Скопје со тех.бр. 0801-738/21 од Септември 2022година.

Со барањето ја приложи следната документација:

- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични електрани за проектен опфат на КП.бр.127 и КП.бр.128 во КО.Нов Дојран вон.гр., Општина Дојран, изработен согласно член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање, од страна на ДТУ „ БИЛД УРБАН„ Дооел од Скопје со тех.бр. 0801-738/21 од Септември 2022година.
- Услови за планирање на просторот,
- Решение за одобрени услови за планирање на просторот,
- Проектна програма,
- Решение за одобрена Проектна програма од страна на општина Дојран,
- Полномошно,
- Податоци и информации прибавени од јавни институции,
- Геодетски Елаборат за геодетски работи за посебни намени-Ажурирана геодетска подлога

- ИЗВЕШТАЈ ОД РЕВИЗИЈА НА Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани на проектен опфат на КП.бр.127 и КП.бр.128 во КО.Нов Дојран вон.гр., Општина Дојран со тех.бр.09-09/291, изработена од ДППТУ ФОРМИ Јорго ДООЕЛ Битола,
- Записник од Комисијата за урбанизам од направен јавен увид на јавноста,
- Мислење од Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Дојран со решение Бр.04-566/1 од 28.04.2022година, со Предлог за одобрување на Урбанистичкиот проект

Градоначалникот на општина Дојран по извршениот увид на приложената документација со барањето и мислењето од Комисијата за урбанизам, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од член 62 од од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ бр.32/20).

Врз основа на горе изнесеното Градоначалникот на општина Дојран одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Изработил:Блажо Катранџиев

Blazho Katrandjiev

Digitally signed by Blazho Katrandjiev
Date: 2023.01.13 12:54:19 +01'00'

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ДОЈРАН

**АНГО АНГОВ**

Ango Angov

Digitally signed by Ango Angov
Date: 2023.01.13 13:02:58 +01'00'